## Постапка за престанок на важење на решението за упис во регистарот на физички лица кои вршат угостителска дејност од мал обем

Согласно Законот за угостителска дејност (Сл. Весник на РМ бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13 и 199/14), член 4-в “физичките лица, кои се регистрирани во регистарот на физички лица кои вршат угостителска дејност од мал обем, во рок од 15 дена, од денот на престанување на вршење на дејноста за која се регистрирани, поднесуваат барање за престанок на важењето на решението за упис во регистарот.

**Постапката за бришење од регистарот на физички лица кои вршат угостителска дејност од мал обем отпочнува со поднесување на Барање за престанок на важење на решението за упис во регистарот на физички лица кои вршат угостителска дејност од мал обем, согласно член 4-в од Законот за угостителска дејност (Сл. Весник на РМ бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13 и 199/14) до Одделението за ЛЕР, преку архивата на Општина Куманово**. **Кон Барањето се поднесува:**

Решение за упис во регистарот на вршители на угостителски услуги од мал обем и

Доказ за платена административна такса (50,00+250,00 денари).

Во Архивата се потврдува приемот на поднесокот и се води деловодник за поднесоците.

Барањето заедно со придружната документација се заведува во интерна доставна книга и се доставуваат до Раководителот на Секторот кој поштата ја парафира и ја доставува во Раководителот на Одделението за ЛЕР;

Раководителот на Одделението за ЛЕР, го парафира Барањето и придружната документација и го доставува до државниот службеник надлежен за вршење на работите од областа на угостителството, туризмот, трговијата и занаетчиството;

Државниот службеник надлежен за вршење на работите од областа на угостителството, туризмот, трговијата и занаетчиството го разгледува Барањето и прилозите и изготвува Решение за престанок на важење на решението за упис во регистарот на физички лица кои вршат угостителска дејност од мал обем, доколку барањето е комплетно во рок од 8 дена од денот на приемот на Барањето (член 4-в, став 3 од Законот за угостителска дејност) и го доставува на потпис до одговорните лица;

Потпишаното решение се заведува во архива и се доставува до странката;

Еден примерок од Решението за престанок на важење на решението за упис во регистарот на физички лица кои вршат угостителска дејност од мал обем се доставува до Самостојниот референт за угостителство, туризам, трговија и занаетчиство, кој ги внесува податоците од Решението во Регистарот на физички лица кои вршат угостителска дејност од мал обем, согласно Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на регистарот на физичките лица кои вршат угостителска дејност од мал обем (Сл. Весник на РМ бр. 116/06) и ги документира Решенијата по дата на издавање;

Самостојниот референт за угостителство, туризам, трговија и занаетчиство, на секои шест месеци доставува извод од Регистарот на физички лица кои вршат угостителска дејност од мал обем до Раководителот на Сектор, Раководителот на ЛЕР и Секторот за инспекциски надзор.